**_ИНФОРМАТОР бр.13 Април 2003_**
Прва детска амбасада во светот - Меѓаши - (ПДАСМ)
Република Македонија - ул. Коста Новаковиќ 22а, 1000 Скопје
Телефон: (389-2)465-316 факс/телефон: (389-2) 463-900
e-mail: first@childrensembassy.org.mk
website: www.childrensembassy.org.mk

*

***Во овој број:***

1. *11 години постоење на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши*
2. *Глобален марш - кампања за едукација*
3. *Детски работилници*
4. *Заеднички проект со CRIC*
5. *Обука за Ненасилно решавање на конфликти*
6. *Семејствата во нашето прифатилиште*
7. *Застапување*
8. *Учество на интернационални конференции/обуки*
9. *Нов член на Дипломатскиот Кор*

## *1. 11 години постоење на Првата детска амбасадаа во светот - Меѓаши*

Првата детска амбасада во светот - Меѓаши - Република Македонија е формирана на 29 април 1992 на иницијатива на г-ѓа Гордана Пирковска Змијанац, нејзин основач.
Првата детската амбасада во светот - Меѓаши, формира, застапува и ги штит ии другите детски територи восветот. Детската земја, Меѓаши, како најмалечка и најмлада земја на децата во светот, е прогласена за слободна и отворена територија за целиот свет. Детската земја нема граници, бидејќи "каде започнува светот со граници, таму престанува детството". Слободната детска територија не признава никакви тајни освен тајните на природата и тајните што ги открива науката. Затоа на децата најголеми сојузници им се хуманистите, научниците, културните пратеници, медицинските работници, спортските активисти и сите оние што ги сакаат децата. Затоа во Детската амбасада се негува

само љубов и знаење, бидејќи нејзини најголеми противници се омразата и незнаењето.
Првата детска амбасада ја претставуваат над 8000 деца членови во светот. Таа има свое дете амбассадор. Амбасадата ја застапува и претставува дипломатски кор со на 50 почесни амбасадори  и конзули корисници на нашиот дипломатски пасош низ целиот свет. Таа има и дипломатски кор на деца амбасадори. Амбасадата како меѓународн асоцијација за грижа и заштитан а децата на светот, ги застапува и претставува сите деца во светот без разлика на расна, верска, национална, полова, социјална, државна и друга припадност. Се стреми да придонесе во олеснувањето на комуникацијата со возрасните и се грижи за спроведување на правата на детето во целиот свет.
Дел од изјавата на нашиот амбассадор:
"На 29 април се здруживме д аим помогнеме на децата бегалци од Босна и Херцеговина. Како што ним им помагавме, согледувавме колку сме им потребни на децата од Македонија. Тие нас не бараа, им бевме потребни. Тогаш кога треба некој д аим помогне, а нема кој, тогаш кога се осамени и нема со кого да разговараат за она што ги мачи. Затоа продолживме, за да не застанеме до денес, продолживме за да растеме како што тие растат. Не можеме на сите д аим помогнеме, но оние на кои им помогнавме ни даваат сила и моќ никогаш да не запреме. Се додека е така Амбасадата ќе биде светлиот патоказ на оваа планета и на нејзиниот најброен народ, ***детскиот народ***, бидејќи ниту еден идеал не вреден колку една детска солза" - ***Коле Ангеловски, Амбасадор***
Дел од изјавата на Извршниот дирецтор и со-основач:
"За крај, на сите добронамерници им порачуваме дека сеуште има време да се вклучат  и вградат во овој голем проект на овој век. Мозаикот на каменчиња наречен Прва детска амбасада во светотго вградија многу луѓе. Секогаш има процтор за нови граѓански иницијативи и здружувања" ***- Драги Змијанац, извршен дирецтор и со-основач.***

***2. Глобален марш - кампања за едукација***
Нашата амбасада - Меѓаши, како национален цоординатор на Global March against Child Labour, во рамките на Глобалната

кампања за едукација ја спроведе акцијата "Образование за сите" од 6 до 13 Април.
Главен иницијатор за оваа кампања беше интернационалната невладина организација Глобал Марцх, која и го финансира овој проект. Бевме активно вклучени во кампањата за имплементација за правото на децата на квалитетно и бесплатно образование.
На 9 април, за првпат земавме учество во соборувањето на рекордот во одржување на "Најголемата лекција во светот". Ова беше предавање и дискусијасе за важноста на образованието со посебен акцент на образованието кај девојчињата и жените. Најголем интерс за лекцијата покажаа училиштата: ОУ " Љубен Лапе", " Климент Охридски", "Вера Јоциќ"," Живко Брајковски","Димитар Поп-Георгиев Беровски, а од средните училишта " Јосип Броз Тито" и средното уметничко училиште " Лазар Личеновски". Организиравме и дебате на следниве теми: Дали жената треба да се посвети на семејството или кариерата, Да се биде жена е хендикеп или предност во образованието? Дали ако му се дадат пари на детето питач ќе му се реши или продлабочи проблемот итн...Дебатите ги одржуваа 12 волонтери на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, социолози, психолози, и социјални работници. За подобро да ги запознаеме граѓаните, граѓанските здруженија, младинците и децата, отпечативме 2000 брошури со постер. Кампањата против злоупотреба на детскиот труд сакаме да допре до сите луѓе а посебно до оние кои можат да ги направат промените.
Во неделата на 13 април, како финален дел од кампањата, организиравме марш во кој децата, младинците и сите останати кои се засегнати, мирно го изразија своето негодување против екплоатација на детскиот труд. Како дел од оваа кампања беше прикажувањето на видео клипот "Звиносхамиса"
Целата кампања беше медиумски покриена од дневниот печат и медиумите. Координатори на проектот беа Нашите волонтери: Љупка Николоска и Марија Ѓукиќ.




## *3. Детски работилници*

Детските работилници, како дел од другите активности на Детската амбасада, на почетокот на април започнаа со подготовките за новиот циклус. Како што споменавме во минатиот Информатор проектот е финансиран од Светската Банка. Бидејќи станува збор за нов циклус, најпрво оствaривме контакти со волонтерите одговорни за работилниците, и се договоривме за распоредот и активностите кои што се потребни за исполнување на целите и задачите на работилниците. Исто така се сретнавме и со претставници од Центарот за Социјални работи со цел да ги вклучиме и маргинилизираните деца под нивна надлежност. Ги обезбедивме сите потребни материјали ис ме спремни да почнеме со работа од мај.

## *4. Заедничкиот проект со ЦРИЦ*

Проектот Акција за граѓанство низ театарска игра е дел од програмата помирување низ мирно решавање на конфликти на ЕАР-Европската Агенција за Реконструкција. Осум месеци ЦРИЦ и Првата детска амбасада-Меѓаши како партнерска организација ќе ја спроведат имплементацијата. Ќе се имплементира во соработка со две основни училиштаи  едно училиште за деца со специјални потреби и една група деца на улица. Ќе бидат опфатени вкупно 60 деца и нивните семејства.

*Краток опис на проектот*

Зголемување на безбедноста во мултиетничкото општество преку серија на креативни работилници со активно вклучување на деца и нивните семејства од четирите етнички групи. Проектот е отворен за сите заинтересирани.

Работилниците ќе бидат фокусирани на театарската претстава која би се извела низ целата земја со цел да се увиди потребата од крос-етничка соработка и дијалог на национално ниво. Во исто време

*Цел на проектот*

Да се зајакнат основите на здраво македонско мултиетничко граѓанско општество почнувајќи со активно инволвирање на децата и младите со различна етичка припадност и поддршка и вклучување на нивните семејства.

*Специфични цели*

Цел 1: Да се запази високо ниво на учество и вклучување на сите засегнати четири ентички мешани групи од по 15 деца и нивните родители или постари браќа и сестри од обласа на Скопје.

Цел 2: Да се организираат четири креативни работилници со активно учество на четири деца и родители и ангажирање на учесниците во повторно размислување на стандардите на улогите својствени на членовите од различни ентитети.

Цел 3: Да се подигне свеста за меѓуетничка соработка и дијалог на национално ниво со не помалку од 16 театарски претстави низ републикава и натпревар.

Според зборовите на Даниел Џулиерс, шеф на ЕАР во Скопје, оваа програма е дел од напорите за поврзување со ЕУ и унапредување на долготраен развој и стабилизација на Република Македонија.

## *5. Обука за Ненасилно решавање на конфликти*

За да се развие и подобри мултиетничкиот дијлог и взаемната доверба и комуникација, од 4 до 12 април во Охрид имаше обука за Ненасилно решавање на конфликти. 19 НВОи претставници од Македонија учествуваа во активностите за градење на мирот, заштитан а човекови права, правата на малцинствата, полови прашања, деца и млади и др.

Обуката беше организирана од првата детска амбасада во светот-Меѓаши, Центарот забалканска соработка-ЉОЈА од Тетово и Центарот за Ненасилна Акција - СНА - Сараево и Белград.

***6. Семејствата во нашето прифатилиште***

На 10 април го прославивме третиот роденден на малата Јована. Таа беше најмала кога раселените лица дојдоа кај нас. Со време, нашето Меѓаши семејство растеше и сега имаме три нови члена-бебиња, Александар, Марија и Никола. Исто така, вторпат го прославија големиот христијански празник, Велигден.

Постојано се трудиме да им помогнеме и се надеваме дека секој што е дарелжлив и им помага треба да биде горд на неговата хуманист и доблест како што сме и ние.

Ја користиме оваа прилика д аим заблагодариме на нашите донатори: Ротар АК, Етерна, личната донација на Филип Видовиќ и Гица Дооел за донацијата јајца за Велигден.

На 29 април, Ивана, 11 годишно девојче од Арачиново, имаше изложбан а нејзините модни креации по повод Роденденот на Меѓаши. Беше задоволство да се види нејзиното среќно лице поради посетеноста од другарчиња, пријатели и роднини и членови на Амбасадата. Сите ние бевме изненадени од нејзиниот талент и имагинација.



***7. Застапување***

* Во минатиот Информатор ве известивме за двегодишното девојче од Штип, кое почина на Детската клиника бидејќи беше смртно претепана од нејзината мајка. Верувајши дека овој живот беше загубен поради негрижата на родителите и државните органи,ние јавно реагиравме. Добивме одговор од Основниот Суд во Штип дека мајката и очувот на девојчето се обвинети за убиство.

* Овој месец нашиот социјален сервис им помогна на две семејства од Велес. Едното семејство има петмесечно бебе и

нема каде да живее, бидејќи поплавите им ја уништија кушата. Успеавме д аим набавиме бебешка опрема. Другата акција е за надарено дете кое што зборува повеќе од три јазика и е наш волонтер. Му помагаме обезбедувајќи му материјали за учење и сранска литература.

## *8. Учество на интернационални конференции/обуки*

од 5 до 9 април, нашиот Технички секретар Славица Тасева учествуваше  на семинар за одржливост Гроњинг Soyp Организатион во Боровец, Бугарија организиран од Балканска фондација за деца и млади.
Нашиот Извршен директор Драги Змијанац ин ашата волонтерка Магдалена Ризова на 7 април учествуваа на трибина за актуелизација на приоритетите на децата со посебни потреби, организиран од Германската асоцијација за техничка соработка. Истиот ден Извршниот директор беше на конференција за Подобрување на соработката помеѓу НВО ии Собранието, организиран од ГраЃанската асоцијација МОСТ.
На 17 април, Граѓанската асоцијација МОСТ организираше уштее ден настан, средба со пратениците, наречена Мобилен парламент, за Законот за малолетници на кој учествуваа Извршниот директор Драги Змијанац, Техничкиот секретар Славица Тасева и СОС волонтерката Љупка Наумоска.
Нашиот Извршен директор Драги Змијанац на 23 април, партиципираше на округла маса наречена СТОП за Злоупотребата на децата во изборната кампања организирана од Здружението на правата на детето. На 24 април тој исто така учествуваше ин а семинар за Развој на информатичко општество, организирано од Центарот за напредни комуникации.

## *9. Нов член на Дипломатскиот кор*

Во минатиот број ве информиравме за новите членови на Дипломатскиот кор кои се корисници на Дипломатскиот пасош на Детската амбасада и се чуствуваме почесно ис реќно дека членството ни се зголемува, што ни покажува дека нашите идеи, визија и мисија се шират низ целиот свет. Новиот член е:
В.Е. Пастор Рафаел Калала Лусенгу, Почесен Амбасадор во Јужна Африка и Конго - бр. на пасош 295
Оргиналната изјава на нашиот нов Почесен Амбасадор:

*"Smiling to the BaoBab while stepping on breeding ground is the human madness suppose to be consumed by Megjashi burning love torch for ever".*

До следниот пат топли поздрави од тимот на Детската амбасада.